Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.бр.11-4144/ 3
Дата: 25.08 .2023 год
Кавадарци

Република
Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито бб
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија

Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 113, став 20 од Статутот на Општина Кавадарци, и донесената Програма за изменување и дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2018 година бр.08-5914/10 од 31.10.2018, Глава IV , точка 32 Градоначалникот на Општина Кавадарци го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

## За организирање на Јавна Презентација и Јавна Анкета

По **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 10, ДЕЛ ОД БЛОК 10.5 "41-ВА ДИВИЗИЈА", КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕДЛОГ ПЛАН - ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022 - 2027**

Граници на планскиот опфат се :
- на север – осовина на улица "И. Мазев"
- на исток – осовина на улица "41ва Дивизија"
- на југ – осовина улица "Црноречка" и улица "Ѓорче Петров"
- на запад – осовина на улица "Ѓорче Петров" и улица "Јован Планински"

Површината на планскиот опфат изнесува 0,9281 ха.

**Јавна Презентација и јавна анкета** ќе се спроведе со излагање на **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЕ 10, ДЕЛ ОД БЛОК 10.5 "41-ВА ДИВИЗИЈА", КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕДЛОГ ПЛАН - ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2022 – 2027**, во просториите на Општина Кавадарци.

**Јавната анкета трае од 01.09.2023 до 21.09.2023 година, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**Јавна Презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 01.09.2023 година (петок) во 13.00 часот во просториите на Општина Кавадарци во Голема сала.**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**д-р Митко Јанчев**